РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2640/2
20-10-2025 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 23-та седница одржана на ден 13.10.2025 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата со број 12-2640/1 од 06.10.2025 година, со наводи против управител на ------------------------------------------, поради сомневање за прекршување на член 8-а од Изборниот законик, сомневање во постапка за вработување и распоредување и незаконско користење на службено возило во изборен период, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека од аспект на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за натамошно постапување, поради тоа што по однос на наводите за вработување и распоредување на вработени лица во изборен период на Локални избори 2025 година, ДКСК постапува во друг предмет со исти наводи, а наводите кои се однесуваат на службеното возило на пријавениот субјект се во надлежност на постапување на друг надлежен орган.

Предметот со број 12-2640/1 од 06.10.2025 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

На ден 06.10.2025 година, доставена е пријава од познат подносител, во која се изнесени наводи за сомневање за прекршување на членот 8-а од Изборниот законик од страна на уравителот на ----------------------------------------, поради преземање на дејствија за вработување и распоредување на вработени лица во правниот субјект со кој управува, во изборен период. Исто така, подносителот во пријавата изнесува наводи за сомневање за незаконско користење на службено возило од страна на горенаведениот, наведувајќи дека истото нема црвени регистарски таблици.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

При разгледување на доставената пријава констатирано е следново:
- ДКСК постапува по предмет со број 12-2565/1 од 2025 година, оформен по пријава со наводи за сомневање за вработување и распоредување на вработени лица во изборен период во ------------------------------, по кој постапката е во тек.
- По однос на наводите за незаконско користење на службено возило од страна на управителот на наведениот правен субјект, ДКСК констатира дека нема јасни наводи кога точно е користено возилото и за кои цели.
- Во врска со наводите дека предметното службено возило нема црвени регистарски таблици, ДКСК ја констатира следната состојба:

- ✓ Обележувањето на службените возила со црвени регистарски таблици е обврска на сите државни органи, правни лица основани од државата или општините, општините во градот Скопје или градот Скопје, трговските друштва со доминантна или во целосна сопственост на државата, согласно член 27 став 1 алинеа 5 од Законот за возилата, уредена во Правилникот за дополнување на правилникот за формата и содржината на образецот на барањето за издавање на пробните таблици, формата и содржината на регистерските таблици и на пробните таблици на возилата, како и начинот и постапката за нивно издавање[1], кој започа да се применува по шест месеци од денот на влегувањето во сила на правилникот, односно 27.07.2025 година,
- ✓ Исто така Владата на РСМ донесе заклучок на 97-та седница, одржана на 29.07.2025 година во кој е наведено „Се задолжуваат сите органи на државна управа, им се укажува на институциите кои немаат статус на органи на државна управа и им препорачува на општините, општините во Градот Скопје и Градот Скопје и трговските друштва со доминантна или во целосна сопственост на државата, регистарските таблици за возилата кои ги располагаат или ги користат да ги променат најдоцна до 15 септември 2025 година.

По однос на наведениот Правилник, друг орган има надлежност за постапување – Министерството за внатрешни работи и Службата за општи и заеднички работи на Владата на РСМ.

---

✓ [1] „Службен весник“ на Република Северна Македонија бр.19/25

Имајќи го предвид констатираното, ДКСК утврди дека во пријавениот случај нема елементи за натамошно постапување, поради тоа што по однос на наводите за вработување и распоредување на вработени лица во изборен период, ДКСК постапува во друг предмет со исти наводи, , а наводите кои се однесуваат на службеното возило на пријавениот субјект, се во надлежност на постапување на друг надлежен орган.

Оттаму, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик претседател**
**м-р Цвета Ристовска**

Изготвил: м-р Ф.Ј., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: Б.Ц., Член на ДКСК